ПроКредит Банка АД
ул. Манапо 7
Бр. 03 - 1926/2
15.05 2020 год.
СКОПЈЕ

ProCredit Bank

ProCredit Bank, Манапо 7, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

До
**Министерство за финасии на Република Северна Македонија**
**ул. Даме Груев бр.12**
**Скопје**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
MINISTRIA E FINANCAVE
Скопје
Shkup
15 -05- 2020

**Од ПроКредит банка АД Скопје**
**Ул.Манапо бр.7**
**Скопје**

**Предмет:** Известување во врска со примена на Закон за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на физички лица

Почитувани,
Во насока на постапување по задолжение предвидено во член 6 од Законот за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на физички лица, во законски предвидениот рок, Ве известуваме дека Управниот Одбор на ПроКредит Банка АД Скопје на ден 14.05.2020 година донесе Одлука дека нема да изврши отпис на каматите, како и репрограмирањето на главниот долг и трошоците за предметите кои е предвидено дека може да бидат предмет на отпис согласно Законот за отпис и репрограмирање на долгови и трошоци на физички лица, а кои произлегуваат од старите извршни судски предмети трансферирани/пренесени кај нотарите и извршителите согласно со Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" број 35/2005, 50/2006, 129/2006, 8/2008, 83/2009, 50/10, 83/10,88/10, 171/10, 148/11 и 187/13) заклучно со 31 декември 2011 година.

Прокредит банка АД Скопје во секојдневното постапување внимава да излезе во пресрет на барањата на своите клиенти и да изнајде прифатливо решение кое ќе биде во интерес на двете страни во деловниот однос. Притоа секое барање за намалување или репрограмирање на должниците кое се доставува до банката е темелно разгледано и со заеднички напори, во интерес на двете страни се изнаоѓаат прифатливи решенија. Многу често се одобруваат решенија за отпис на камати и репрограмирање на долгови и со многу поповолни услови за должниците од предвидените услови во Законот за отпис и репрограмирање на долгови и трошоци на физички лица.
Банката при носење на својата одлука детално ги разгледа предвидените можности и притоа ги зеде во предвид начелото на правичност и чесност како и можноста за носење индивидуални одлуки за секое поединечно барање, па оттука за предметите кои е предвидено дека може да бидат предмет на отпис согласно Законот за отпис и репрограмирање на долгови и трошоци на физички лица, а кои произлегуваат од старите извршни судски предмети трансферирани/пренесени кај нотарите и извршителите согласно со Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" број 35/2005, 50/2006, 129/2006, 8/2008, 83/2009, 50/10, 83/10,88/10, 171/10, 148/11 и 187/13) заклучно со 31 декември 2011 година, како доверител во приватна сопственост го задржува правото за индивидуално одлучување за секој предмет поединечно.

Притоа со оглед на прогласената вонредна состојба во земјата како резултат на пандемијата предизвикана од COVID-19, банката во континуитет презема низа мерки и олеснувања за должниците при намирувањето на нивните обврски кон банката, а со цел минимизирање на негативните ефекти од настанатата ситуација.

14.05.2020 година,

Со почит,

Јованка Јолеска Поповска
Генерален директор

ПроКредит Банка АД - Скопје * ProCredit Bank AD - Skopje * 24

Емилија Спировска
Член на Управен одбор

ProCredit Bank
Manapo 7, 1000 Skopje,
Republic of North Macedonia
S.W.I.F.T PRBUMK22

Phone: +398 2 244 60 00
mkd.info@procredit-group.com
www.pcb.mk

Members of Managing board:
Jovanka Joleska Popovska, General Manager
Emilija Spirovska, Member of Managing Board
Stevce Kuzmanovski, Member of Managing Board